SYMPOSION

**П О К А Н А**
**за учество во интерактивна обука на тема:**

# ПОПИС НА СРЕДСТВАТА И ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВАТА КАЈ БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ, ЕДИНКИТЕ КОРИСНИЦИ, ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ, ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА, ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА, ТРЕТМАН И КНИЖЕЊА НА РАЗЛИКИТЕ ПО ПОПИС

**(20 декември 2018 во Хотел „City Park“ – Скопје)**

Пописот е една од најзначајните постапки пред изготвување на годишната сметка и финансиските извештаи и затоа треба да се има предвид дека неговото успешно спроведување е обемна, сериозна и одговорна работа.

Правилно спроведениот попис е значаен за утврдување на физичките количини на залихите и средствата како и попишување на останатите средства и обврски со кои располага еден буџетски корисник или друштво на одреден датум, како и заради споредба на фактичката состојба со сметководствената состојба.

**Оттука, резултатите од спроведениот попис претставуваат основа за реално прикажување на податоците во финансиските извештаи**.

**Целта на оваа обука е да се унапредат и продлабочат знаењата и вештините на учесниците во процесот на спроведување на пописот и книжењата на разликите по пописот.**

Соодветно внимание ќе се посвети на:

- Регулативата која го пропишува начинот на реализација на пописот;
- Подготовка за успешен и ефикасен попис;
- Предмет на пописот;
- Начини и методи на вршење на попис;
- План за работа,
- Организирање и извршување на пописот;
- Начин на составување на пописните листи;
- Утврдување на фактичката состојба на средствата и изворите на средствата (нематеријални и материјални средства, парични средства, хартии од вредност, побарувања, обврски);
- Евидентирање на разликите по пописот;
- Упатства за работа на пописните комисии, Одлуки по попис, Извештај од извршениот попис.

SYMPOSION

За непречено спроведување на активностите за организирање, спроведување и известување за резултатите од извршениот попис на средствата и обврските, потребно е да пропише и воспостави систем на контроли, со кои ќе се обезбеди извршување на пописот согласно одредбите од законската регулатива.

**Заради наведеното, во текот на обуката ќе се дадат насоки за постапување на членовите на пописните комисии, насоки за одговорните лица, а ќе бидат разработени и проблемите, во врска со кои ќе предложиме решенија и ќе дадеме предлози за сите дилеми поврзани со постапката на пописот.**

Теоретските презентации на предавачите ќе бидат проследени со дискусии, размена на практични искуства и вежби, со што ќе се унапредат Вашите знаења и вештини на оваа тема.

Почитувани, Ве информираме дека имате можност, со котизација од **4.950 денари + 18% ДДВ** да учествувате во оваа исклучително интересна и полезна интерактивна обука, со вклучени кафе-пауза, ручек, сертификат за учество и работен материјал од обуката**.** За две или повеќе пријавени лица од иста институција, **следува попуст од 10%.**

Заради квалитетот на обуката, бројот на учесници е ограничен. Затоа, доколку сакате да бидете дел од истата, Ве молиме да го пополните **Пријавниот лист** што Ви го испраќаме во прилог (истиот го има и на нашата веб страна: http://simpozion.mk/), најдоцна **до 18 декември 2018г**. и да го испратите на следната електронска пошта: info@simpozion.mk

**Информации за уплата на котизација за обуката**:

Примач: СИМПОЗИОН ДОО – Скопје
Адреса: ул. Франклин Рузвелт 54/1-16
Сметка бр. 210071635330103
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје
ДБ за ДДВ: MK4080016561868
**Контакт тел.бр:** 078 271 576